Љ. ДОКЛЕСТИЌ

# ПРЕДЛОГ ЗА ИЗРАБОТКА БИБЛИОГРАФИЈА НА ПЕРИОДИЧНИТЕ ПУБЛИКАЦИИ ЗА МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНЦИТЕ

На научната јавност уште не ѝ е достапна потполна библиографија на ситс периодични публикации кои се објавувани во Македонија, како ни библиографија на сите оние периодични публикации кои се објавувани надвор од Македонија, а во кои е обработувана проблематиката на Македонија или проблематиката на македонската емиграција било каде во светот.

Денешниот степен на развојот на македонската историографија и на нејзините помошни дисциплини бара и овозможува изработка и објавување на една целосна библиографија на периодичните публикации за Македонија и Македонците. Постоењето на таа библиографија е потребно од две причини. Прво, таа е неопходна како основа за пишување на историскиот печат, списанијата и другите периодични публикации во Македонија. Второ, таа е неопходна како прирачник за изучување на политичкото, економското и културното минато, како и минатото на другите подрачја на општествените дејности на македонскиот народ во XIX и XX век.

Првата библиографија на периодичните публикации за Македонија до 1941 година ја објавил Боро Мокров во 1965 година.[1]) Тој обид, кој како пионерска работа заслужува секаква пофалба, ни укажува дека изработката на таква библиографија од повеќе причини ги преминува можностите на еден човек и тоа дека за нејзината изработка е потребна тимска работа. Не претприемајќи посебни истражувања, во своите забелешки сум нашол 31 библиографска единица кои Мокров воопшто не ги внесол во својата библиографија, а за 8 библиографски единици најдов попотполни податоци, што е сè соопштено во посебен библиографски прилог*) Несомнено дека потемелните истражувања ќе откријат уште пого-

---

1) Б. Мокров, Библиографија на весници и списанија за Македонија во периодот до 1941 година, ГИНИ IX/2, Скопје, 227—284.

*) Види во рубриката „Библиографија“

лем број единици кои не се внесени во оваа библиографија (познати ми се уште околу триесетина кои Мокров не ги внесол во својата библиографија, но за нив во своите забелешки немам поподробни податоци) и за веќе внесените единици ќе дадат попотполни податоци.

Сето досега изложено ни зборува дека е потребно да се пристапи кон систематска изработка на оваа библиографија. Меѓутоа, пред да се пристапи кон таа работа е потребно, најпрвин, да се утврди физиономијата на оваа библиографија. Имајќи ги предвид сите добри и лоши страни на неколку библиографии од тој вид, а кои се во последните дваесет години објавени на Балканот,[2]) на мислење сум дека при изработката на оваа библиографија би требало да се применат следните критериуми.

Прво, во поглед на класификацијата на периодиката, треба да се обработат:

а) весници и списанија,

б) годишници, гласници и зборници, доколку излегле повеќе броеви,

в) календари кои имале облик на зборници, списанија и работи кои континуирано излегувале повеќе години,

г) билтени, доколку излегле повеќе броја.

Второ, во поглед на хронологијата на излегувањето на периодиката, треба да се обработат единиците кои се објавени до крајот на 1944 година, до конституирањето на македонската држава.

Трето, во поглед на професионалната припадност на периодиката, треба да се обработат сите библиографски единици без оглед на која струка ѝ припаѓале, бидејќи нема да бидат илјада или повеќе единици, туку најмногу околу три или четири стотини (библиографијата на Мокров содржи сè на сè 233 единици).

Четврто, во поглед на јазикот на кој е напишана периодиката, треба да се опфатат единиците на сите јазици. И Мокров, во предговорот на својата библиографија, наведува дека во неа би ги внесол и периодиките на турски, грчки и албански јазик кога би му биле тие јазици познати.

Петто, во поглед на местото на издавањето и на издавачот, треба да се обработат:

а) сите единици кои се печатени на целата етничка територија на Македонија, како денешна СРМ така и Егејска и Пиринска Македонија, и тоа без оглед на нивниот издавач;

---

[2]) М. Стојанов, Блгарска възрожденска кнмжнина, Аналитичен репертоар на българските книги и периодични издания 1806—1878, I, Софија 1957; II, София 1959; В. Топечаров, Българска журналистика (1885—1903) I, София 1963; D. Pejanović, Bibliografija štampe Bosne i Hercegovine 1850—1941, Sarajevo 1961.

б) сите единици кои се објавени надвор од Македонија, а во кои се третира проблематиката на Македонија и Македонците, и тоа без оглед на нивниот издавач.

Од периодиката која е печатена надвор од Македонија, секако, треба да се опфатат не само единиците кои ја третирале проблематиката на Македонија туку и оние кои, главно, ја третирале проблематиката на македонската емиграција, а малку донесувале материјал за матичната земја.

Што се однесува до странските весници кои повремено донесувале вести и списанија за Македонија треба да се препушти на редакцијата на оваа библиографија да одлучи кои од нив ќе бидат земени предвид. Тоа, особено, се однесува на странските весници од средината на XIX век, како „**Цариградски весник**" (1848—1872) и „**Македонија**" на Пејо Славејков (Цариград 1867—1872), со оглед на тоа дека во тоа време само неколку весници донесувале вести од Македонија. Секако, дека странските весници од последните децении на XIX век и од XX век не доаѓаат предвид за оваа библиографија, бидејќи во тој период, со оглед на актуелноста на македонското прашање во европски размери, речиси и немало поголем европски весник кој не донесувал скоро секојдневно вести или коментари за ситуацијата во Македонија.

Освен до сега наведените критериуми, врз основа на кои би требало да се направи избор на библиографските единици, потребно е да се одредат и критериумите врз основа на кои, доследно ќе се обработат и класифицираат сите единици кои доаѓаат предвид за оваа библиографија. На мислење сум дека за секоја единица би требало, доследно, како минимум да се наведе:

1. насловот и поднасловот, т.е. чиј е орган;
2. името на сопственикот и уредникот;
3. местото на излегувањето, начинот на излегувањето, форматот, бројот на страниците, јазикот на кој е напишана, тиражот, како и името на печатницата, доколку е печатена во Македонија;
4. од кога и до кога излегувала, т.е. кога излегло првото годиште и првиот број, а кога последното годиште и последниот број и, доколку броевите не излегувале континуирано од почетокот до крајот на излегувањето, да се наведе дека во секое годиште броевите течеле од почетокот;
5. краток коментар на содржината и намената;
6. каде се наоѓа и под која сигнатура, со една ѕвездичка да се назначи библиотеката каде се наоѓа комплетно, а со две каде се наоѓа некомплетно;
7. за оние единици, од кои не е ниеден број пристапен, да се наведе изворот каде е таа цитирана.

Мислам дека е непотребно и излишно да се наведува цената на поедини примероци и годишните претплати, адресата на редакцијата, името на печатницата за единиците кои се објавени надвор од Македонија, како и точниот ден на нивното излегување во неделата, како го наведуваат тоа некои библиографии.

Што се однесува до класификацијата на библиографските единици, потребно е тие да се внесат по азбучен ред или абецеден ред по првиот збор во насловот (на пр. **Македонско дело**), а не по првата именка во насловот (на пр. **Дело, Македонско**), како го практикуваат тоа некои библиотеки.

На крајот на оваа библиографија, секако, е потребно да се даде индекс или преглед по местата каде излегувале единиците, индекс на имињата на нивните уредници и сопственици, како и хронолошки преглед на излегувањето на единиците за секоја година посебно. Добро би било кога би се изработил и индекс или преглед на стручната припадност на дадените единици.

За изработка на ваква библиографија е потребна екипа од два или три книжничари или библиотекари кои би работеле под раководството на еден научен работник кој би бил и уредник на таа библиографија. Екипната работа е потребна не само затоа што е периодиката пишувана на разни јазици, туку и затоа што е растурена по разни библиотеки. Безусловно треба, освен библиотеката во Скопје, да се прегледаат уште и библиотеките во Белград, Загреб и Софија. Тешко е да се предвиди точно време за изработката на оваа библиографија. Треба да се предвиди дека таа екипа на неа ќе работи околу два месеци. Дали целата таа работа ќе биде организирана при Институтот за национална историја, или при Народната библиотека или при некоја друга установа во Скопје, секако, дека тоа не зависи само од расположивиот кадар и материјалните средства, туку и од тоа кој прв ќе ја преземе иницијативата во неговата организација и реализација.

Со оглед на тоа дека оваа библиографија ќе има најмногу околу 150 страници (библиографијата на Мокров има само 57 страници), таа може да се објави во едно од постојните списанија во Скопје.